**УДК 323.1-021.388(497.7)„1990-“**

**Роберт Ризевски (Полска)**
**Одделение за етнологија и културна антропологија,**
**Универзитет „Адам Мицкиевич“ – Познањ,**
**е-маил: rydzewski.robert@gmail.com**

# ЕТНИЧКА ГЕНТРИФИКАЦИЈА ТИВКАТА БОРБА ЗА ЕДЕН МАКЕДОНСКИ ГРАД[1]

*Апстракт*: По распадот на Југославија може да се забележи значителен пораст на важноста на етничкиот идентитет кај сите балкански држави. Како резултат на тоа, забележлива е една иредентистичка тенденција во овој регион. Борбите за создавање на моноетнички држави се претворија во граѓански војни на Балканскиот Полуостров во раните 1990-ти години. Македонија, и покрај тоа што е поранешна република на Југославија, беше релавитно стабилна. Сепак тоа не значи дека етничноста не игра голема улога во независна Македонија. Етничноста го остава својот белег на политиката, општеството и на македонските градови. Во последните години градските власти во Тетово, град во северозападниот дел на Македонија, се обидуваат да наметнат еден нов идентитет. Оваа локална политика е соодветна на пошироката национална борба за национален идентитет[2] и за поседувањето на јавните градски простори. Истовремено, сведоци сме на процесот на еманципација на албанската заедница што влијае на општествените односи. Како резултат на промената, етничките Македонци се потиснати надвор од Тетово, вториот по големина град во државата. Во овој текст сакам да покажам дека ова што се случува може да се нарече етничка гентрификација. Ќе се обидам да го развијам концептот на гентрификација (Glass 1964) и накратко да ја образложам легитимноста на проширувањето на овие востановени концепти.

*Клучни зборови*: етничка гентрификација, гетоизација, етнизација, Тетово, Македонија.

Градот Тетово отсекогаш бил населен со луѓе од различни култури. Во отоманскиот период граѓаните имале слобода на вероисповед, имале културна автоно-

[1] Ова е проширена верзија на текстот „Gentryfikacja Etniczna – Cicha Walka o Macedońskie Miasto“ објавен во Polish quarterly respublica.pl.

[2] Во 2010 година десно ориентираната македонска политичка партија ВМРО–ДПМНЕ објави започнување на проектот „Скопје 2014“. Целта на овој проект е да се промени идентитетот на градот од социјалистички во античкомакедонски. „Скопје 2014“ го отфрла претходното модернистичко урбано планирање и го исклучува присуството на албанските симболи во јавните простори. Денеска во срцето на главниот град на Македонија се појавуваат владини згради, музеи и театри во неокласичен стил. Изникнаа скулптури и споменици од антички херои поставени на различни места низ градот. „Инвестицискиот план“ е дел од еден поширок проект за промена на националниот идентитет од братство и единство во етнички идентитет што ќе се базира на поделба и отфрлање на другите етничности (види Mijalkovic M., Urbanek K. 2011).

мија и имале релативно мирен соживот во различни одделени маала. Меѓукултурните бракови ретко се случувале во овој регион (Geber 1997: 107–110). Од овој период градот се променил во социјална, економска, географска и политичка смисла[3]. Во 1950-тите години Албанците биле дискриминирани во Тетово и во цела Југославија. Според Розита Димова, моќта меѓу различните народи во Југославија била нееднакво распределна. Одредени народи, особено тие што имале свои републики, поседувале моќ и ги поддржувале различните процеси на вклучување и исклучување на малцинствата. Албанското малцинство е добар пример за исклучување и маргинализација (Dimova 2007: 2). Албанците не се вклопувале во новосоздадената југословенска држава, или буквално не се вклопувале во „Јужните Словени" (Poulton 2000: 59). Тие никогаш немале своја република и не биле препознаени како *народ* од страна на југословенската влада (Brown 2003: 48–49). Сепак, високата стапка на наталитет, албанската миграција од руралните места во градовите и конфликтот меѓу Ослободителната национална армија и македонската полиција и војска во 2001 година доведе до промена на моќта. Како резултат на промените и реваншистичката политика на Албанците, Македонците сега систематски се концентрираат во осиромашените делови од градот и се истиснуваат од градот од страна на економски и политички посилните Албанци. Во Западна Европа и во Америка процесот на преместување на пониските општествени класи во урбаниот простор и мобилноста на населението и капиталот се нарекува „гентрификација" од страна на Рут Глас (Ruth Glass 1964). Во најкласичната дефиниција за гентрификацијата се вели дека тоа е феномен во кој повисоките економски класи ги преземаат оние делови населени со пониски класи.

> *Еден по еден, многу од квартовите на работничката класа се окупирани од средната класа – повисока и пониска... Штом ќе започне овој процес на гентрификација во некој дел на градот, тој продолжува рапидно сѐ додека целата или поголемиот дел на работничката класа не биде преместена и додека не се промени целиот социјален карактер на квартот (Glass 1964: 7).*

Како што покажува Неил Смит (Smith 1996: 173), гентрификацијата има многу постојани карактеристики, како што се приватизацијата на домувањето, протокот на новата средна класа во внатрешноста на градовите, диспропорционалната сума на новиот капитал инвестиран во различни делови на градот и неолибералната урбана политика. Сепак, гентрификацијата може да присвои различни форми. Тоа зависи од особеностите на локалната економија, културната организација во националната и глобалната економија и од урбаната (или локалната) политика (Smith 2010: 52). Гентрификацијата во глобалните градови нема ист образец како во провинциските градови каде што меѓуурбаниот контекст и корелацијата меѓу градот и неговите квартови игра голема улога (види кај Dutton 2005).

Терминот *гентрификација* доминирал во начинот на концептуализирање на промените во градовите насекаде во светот. Ова не се однесува само на градовите во Западна Европа или во Северна Америка, ниту се однесува само на глобалните

[3] Овој текст е резултат на теренското истражување со едногодишен престој во Тетово во 2009 и 2010 година и неколку пократки престои: 2-3 седмици во периодот на октомври 2011 и мај 2014 година.

градови како Њујорк, Лондон или Сиднеј. Денеска се прави разлика меѓу гентрификација на посткомунистичките градови, на постколонијалните градови, па дури и рурална гентрификација. Роланд Аткинсон и Гери Бриџ (Rowland Atkinson, Gary Bridge 2005: 2) го поставија прашањето: до која мера гентрификацијата е глобален феномен со сите свои карактеристики и разновидност и во какви форми може таа да се манифестира. Тие велат дека современата гентрификација зазема форма на колонијализам како *културна сила во нејзиното привилегирање на белината/белата раса, како и на идентитетите базирани на класата и преферирањето на урбаниот живот*. Во постсоцијалистичките југословенски градови белината на гентрификаторите не игра голема улога, туку колонијалниот стил на гентрификацијата. Тој се манифестира преку наметнување на културата на етничкото мнозинство и монополизација на моќта од страна на една етничка група. При прегледувањето на емпириското истражување во Македонија се потенцира важноста на етничноста во општествените и урбаните промени. Поделбата на македонското општество преку етничноста го рефлектира националниот дискурс, односите меѓу националните и етничките малцинства, како и поделбата на политичката сцена според етничка линија (Lubaś 2011: 32). Уште повеќе, промените во последната декада на 20 век, од граѓанска држава во држава базирана на етничност, го оправдуваат овој пристап. Дополнително на ова, постконфликтниот договор доведе до институционализација на етничноста – вели Флоријан Бибер (Florian Bieber 2004: 2). Тоа значи дека етничката еднаквост ги етаблира етничките групи или, подобро, етничките ниши во државните институции, вклучувајќи ја и легислативата, извршната, законодавната и јавната администрација. Гледано оддолу нагоре, етничката припадност денеска е позначајна отколку општествените или економските статуси (Bieber 2004: 2). Кога ќе се земе ова предвид, изгледа дека е неопходно проширувањето на терминот гентрификација со придавката етничка, бидејќи протерувањето на една етничка заедница од Тетово ги носи карактеристиките на гентрификација, како преселувањето на старите жители и несразмерот на сумите на новиот капитал што се инвестира. Во овој случај сепак не станува збор за социјалните класи, туку за етнички заедници што се субјекти на преселувањето.

Целта на овој текст е да го прошири терминот *гентрификација* преку етничноста и да го вметне овој концепт во анализите на постсоцијалистичката трансформација на провинциските градови во Македонија. Ја променив нагласката од општествените класи што е доминантна во концептуализацијата на промените во градовите и ја поставив на етничките групи[4]. Јас ја разбирам *етничката гентрификација* како процес на раселување на една етничка група од страна на друга во градот. Има два главни елементи во тој процес: првиот е етнизација на македонското општество, со други зборови тоа е поделбата на македонските граѓани според етничка линија – објаснето е во параграфот погоре. Вториот елемент е гетоизација на етнич-

[4] Како Фредерик Барт (Fredrik Barth 1969), јас ги разбирам етничките групи како еден вид на општествени организации што ги дефинираат вредностите за меѓуетничките односи со цел да ги одржат границите. Етничките разлики и категории се кристализираат во контакти со други групи, и нивното значење се менува во зависност од потребите на групата. Главните карактеристики на етничкиот идентитет се себеприпишувањето и припишувањето од страна на другите со цел сопствено категоризирање и категоризирање на другите (Barth 1969: 12–14).

ките Македонци во одредени делови на градот. Се согласувам со Хиберт и коавторите (Hiebert et al. 2007) што ја објаснуваат гетоизацијата како намерна сегрегација во *одредени области каде што доминира една етнокултурна група. Овие области исто така се карактеризираат со социоекономска маргинализација*. На почетокот на овој текст ќе се обидам да го објаснам локалниот и националниот контекст и албанското националистичко движење. Понатаму ќе се фокусирам на процесите на еманципација на Албанците и намалувањето на животниот стандард на етничките Македонци. Потоа ќе се осврнам на гетоизацијата и исклучувањето на Македонците од јавниот простор. Во последниот дел од текстов ќе ја покажам врската помеѓу етничката гентрификација и „студентификацијата“, што подразбира економско преуредување на квартовите во градот според потребите на албанските студенти.

## Карактеристики на Тетово

Тетово е мултиетнички град во северозападна Македонија каде што доминираат Албанците. Според статистичките податоци од 2007[5] (единствените достапни податоци), Албанците сочинуваат 55 % од населението, Македонците 35 %, Ромите 4,5 % и Турците 3,5 %. Вкупното население на Тетово брои 52.915 жители и претставува дел од поголемата тетовска општина, која брои 86.580 жители[6]. Градот лежи на подножјето на Шар Планина, која претставува природна граница со Косово. Градот доживеал радикални урбани промени во периодот на модернизација во социјалистичка Југославија. Градбите со типичен отомански архитектонски стил биле заменети со градби во модернистички стил. Високите станбени блокови доминираат над ниските отомански градби. Центарот на градот бил преместен од просторот околу реката Пена и Шарената џамија во североисточниот дел на градот. Сите знаци на претходната отоманска моќ биле заменети со југословенски. Во 2001 година албанските партизани поддржани од косовската ослободителна армија започнаа вооружени бунтови и бараа поголеми права за албанската заедница во Македонија. Оваа ситуација им донесе поголема моќ на Албанците во Тетово и во Полог. Денеска Тетово се смета како албански главен град во Македонија поради неговата големина и поради моќта на локалната албанска заедница.

За да добиеме подобра слика за Тетово, ќе споменам неколку збора за националниот контекст во градот. До Втората светска војна во овој регион националноста била збунувачки термин. За некои луѓе некој може да биде Бугарин, а за други тој може да биде Грк. Националните категории биле двосмислени (Brown 2003: 61). По 1945 година македонскиот идентитет почнува да зајакнува со помош на Јосип Броз Тито со цел да се воспостави југословенската моќ во овој регион и да се оладат бугарските аспирации кон оваа територија. Македонија како независна држава на политичката мапа за првпат се појавува во модерната историја во 1991 година. Од почетокот на независноста државата се соочувала со силно албанско националистичко движење (Danforth 1995: 145; Brown 2003: 33). Македонците се чувствувале загрозени поради албанското сепаратистичко движење во соседно Косово. Македон-

[5] www.stat.gov.mk/pdf/kniga_13.pdf (последен пат посетено на 18. 8. 2014).

[6] www.stat.gov.mk/pdf/kniga_13.pdf (последен пат посетено на 18. 8. 2014).

ските и албанските политички партии имаат чисто етнички карактер и ги претставуваат интересите на само една етничка група. Општествените ставови кон соседите се радикализираа. Видливи се и промените на интернационално ниво – некои надворешни сили го ставаа под прашање македонскиот идентитет и македонската држава; грчките власти сметаат дека имаат ексклузивно право над името Македонија; Бугарите не го признаваат македонскиот јазик (види кај Danforth 1995).

## Албанско национално движење

Албанското национално движење во Македонија станува постојано присутно по распадот на Југославија. Во 1991 година Албанците го бојкотираа референдумот за независност на Македонија (Lubaś 2011: 35, Risteski, Kodra Hysa 2014). Една година подоцна тие најавија сопствен референдум „за“ или „против“ автономијата на „Илирија“ – западниот дел на Македонија населен главно со албанско малцинство. Иако 99 % од луѓето гласаа „за“, автономијата не беше обезбедена, референдумот беше прогласен за невалиден од страна на властите во Скопје и од страна на меѓународната заедница (Kopp 2001: 44). Албанската заедница се бореше за политичка автонимија и пристап до високото образование на сопствен јазик, но сето ова имаше мал ефект. Македонската држава исто така не го призна новиот албански универзитет во Тетово. Во 1997 година градоначалникот на Гостивар, град на 25 километри од Тетово, постави албански и турски знамиња на градското собрание. Овие и некои други помали настани завршија со протести, судири со полицијата, апсења, па дури и со смрт на неколку демонстранти. Ова придонесе за растење на нестабилноста во регионот.

Точката на вриење во градот се случи со конфликтот меѓу албанската ослободителна армија и македонската полиција и армија во 2001 година кога албанските партизани поддржани од косовската ослободителна армија зедоа оружје в раце за повеќе права на албанското малцинство во Македонија. Конфликтот заврши со Охридскиот договор на 13 август 2001 година. Борис Трајковски, претседателот на Република Македонија, и претставниците на другите партии (вклучувајќи ги и албанските партии) ги одобрија условите во договорот чија цел беше да се обезбедат правата на Албанците и нивна интеграција во рамките на македонското општество. Потпишаниот документ подразбира признавање на албанскиот јазик како официјален во местата каде што Албанците сочинуваат повеќе од 20 % од населението (Eberhardt 2005: 148). Дополнително со ова, договорот ја започна децентрализацијата на моќта, им даде поголема автономија на Албанците на локално и регионално ниво и го сруши македонскиот монопол на моќта активен уште од времето на создавањето на Југославија. Административната реформа во Македонија беше претставена во 2004 година. Бројот на општини беше намален од 123 на 84. Границите на Тетово се проширија преку вклучувањето на руралните општини како Шипковица и Џепчиште, кои речиси целосно се населени со етнички Албанци. Населението на Тетово се зголеми за речиси една четвртина, од 65 иљади на 87 иљади[7] благодарение на албанското население од новите општини. Веднаш по конфликтот, во октом-

[7] www.stat.gov.mk/pdf/kniga_13.pdf (последен пат посетено на 18. 8. 2014).

ври 2001 година, беше отворен новиот приватен Универзитет на Југоисточна Европа (SEEU), а три години подоцна македонската влада го призна албанскиот Државен универзитет во Тетово. Охридскиот договор придонесе за создавање на албанската моќ во градот, како и за проширување на правата на Албанците. Како резултат на ова Тетово стана попријателско место за нив – тие, на пример, можат да се школуваат на својот мајчин јазик и да најдат работа во јавниот сектор. Паритетот во вработувањето во јавната администрација им помага на Албанците на пазарот на трудот, додека некои од Македонците ги изгубиле работните места. Порастот на економијата кај Албанците им даде шанса да патуваат или трајно да мигрираат во Тетово. Стотици автобуси циркулираат меѓу Тетово и помалите села во регионот, полни со албански деца и возрасни што учат или работат во градот.

По Охридскиот договор, каде што ги барам причините за промената на моќта во градот, семиотичкиот пејзаж станува предмет на преговарање. Богатата историја на градот беше редуцирана на неколку клучни симболи, датуми или настани што стануваат места на сеќавања, како што вели Пјер Нора (*lieux de mémoire*). Имињата на јавните институции, спомениците, улиците и училиштата кријат најразлични политички и културни значења и секогаш се поврзани со општественото сеќавање и политичкиот идентитет. Добар пример за овие преговарања на идентитетот на Тетово е главниот плоштад – Маршал Тито. По Втората светска војна центарот на градот бил декориран со фонтана и скулптури на македонски партизани што се бореле против албанската војска (*Balli Kombetar*) за време на Втората светска војна (види кај Felczak, Wasilewski 1985: 487, 494) и исто така се бореле за социјалистичка револуција. Плоштадот направен во сеќавање на југословенската победа со текот на времето почнува да се распаѓа. Сè до крајот на 1990-тите години, плоштадот ја рефлектирал состојбата на постсоцијалистичка Југославија: мермерните споменици се испукани, а фонтаната е расипана. Паѓаат македонските споменици на националните и социјалистичките херои. Албанскиот градоначалник издал резолуција со која се наредува реновирање на плоштадот. Мермерните скулптури на македонските антифашистички партизани се тргнати. Се менува и името на плоштадот од Маршал Тито во Плоштад на Илирите – се верува дека Илирите се предци на Албанците. Заедно со промените се појавува огромен билборд над плоштадот со владејачката албанска партија: Демократска унија за интеграција – ДУИ. Властите од градското собрание исто така ги променија имињата на улиците[8]. Името на главниот булевар беше променето од Маршал Тито во улица Илирија. Ново име доби и улицата каде што се наоѓа градскиот совет – од Југословенска народна армија се преименува во Дервиш Цара[9].

Бидејќи имињата на улиците станаа дел од битката за урбаниот простор, тие ја рефлектираат идеологијата на владетелот на теренот, вели Пјер Бурдје во „Јазикот и симболичката моќ“ (Pierre Bourdieu, Language and Symbolic Power, 1991). Ко-

[8] На сличен начин, Собранието на град Скопје го прифати решението за промена на имињата на 100 улици. Прво беа променети имињата на улиците во сеќавање на хероите на заедницата. За повеќе информации види: http://www.balkaninsight.com/en/article/new-kind-of-street-battle-grips-macedonia-s-capital (последен пат посетено на 9. 2. 2014).

[9] Албански револуционер од Тетово, водач на албанскиот бунт од 1884 познат како „востание на Дервиш Цара“.

ристењето на официјалните имиња станува начин за регулирање и контрола над луѓето. Тие ја исполнуваат оваа функција особено на јавните места, меѓу пониските класи и во времиња на зголемена социјална тензија или политички радикализам, вели Маоз Азарјаху (Maoz Azaryahu 1996: 314). Физичките и симболичките промени во јавниот простор влијаат врз перцепцијата и на начините на кои таа се користи. Македонците веќе не го посетуваат реновираниот главен плоштад. Велат дека не им се допаѓа новата форма и новиот изглед на плоштадот. Еден 24-годишен Македонец вели:

> *– Порано овде имавме мермер, кафеани и ресторани околу плоштадот, а во средината имаше фонтана и споменици на херои од Втората светска војна. Имаше сцена и концерти. Тие сѐ уништија. Ништо не може да се направи, и јас не се чувствувам добро тука.*

Всушност не е точно дека тука ништо не се случува. Одвреме-навреме има концерти, но главно изведувачите се Албанци. Плоштадот се полни со луѓе. Албанските деца играат и трчаат таму постојано додека нивните родители се одмораат во кафеаните. Во 2011 година се отвори нов трговски центар на плоштадот, наречен Илирија. Очигледно е дека владејачката албанска партија се труди да наметне албански идентитет на градот. Се создава нов идентитет на Тетово без да се земе предвид гласот на малцинството. Албанската локална власт, преку зајакнувањето на нивната историја и градска политика, ги исклучува и маргинализира Македонците.

## Економски раст

Еден од факторите што ја помагаат етничката гентрификација во Тетово е богатењето на Албанците. Како што е споменато погоре, за време на Југославија албанската заедница била дискриминирана. Албанците биле исклучени од пазарот на трудот и од ефектите на југословенската модернизација. Како што вели Розита Димова, додека Македонците биле вклучени во масовната внатрешна миграција во сопствената држава, таканаречена миграција село–град, етничките Албанци ретко ги напуштале своите села. Нивните големи земјоделски семејства, одржувани со активноста на неколку членови на семејствата, не можеле да опстанат со платата на само еден вработен (Dimova 2007: 5).

Единствениот начин за да ги одржуваат своите домаќинства била емиграцијата, но како што вели Розита Димова, југословенската држава најпрво ја помагала емиграцијата на професионалци и квалификувани работници од побогатите урбани места на Словенија и Хрватска. Ова било дел од процесот на модернизација на земјата. Емигрантите требало да стекнат ново искуство, капитал и вештини за време на престојот во странство и сето тоа да го вратат во Југославија и да ја стимулираат локалната економија. Претпоставката на владата испаднала погрешна, и овие емигранти никогаш не се вратиле назад. На Петтиот конгрес на Комунистичката партија бил променет курсот на миграциската политика. Владата почнала да ги поддржува луѓето од економски неразвиените региони на Југославија, како Косово, Македонија и Босна и Херцеговина (Dimova 2007: 5). За Албанците работната миграција била начин за борба против структурните пречки, како што се големи-

те семејства, руралниот животен стил и недостигот на образование. Парадоксално, но единствено преку емиграцијата од Југославија тие можеле да станат дел од конвенционалното југословенско општество (Dimova 2007: 6).

Од 1960-тите години мигрирале главно мажите Албанци, необразовани, од моноетнички, рурални и неразвиени региони, со цел да ги одржат повеќегенерациските семејства (Dahinden 2005: 194; Dimova 2007: 5). Сезонската миграција подоцна се развила во трајна миграција. Главни дестинации биле Швајцарија, Австрија, Германија и Италија (Lubaś 2011: 34). Југословенската држава развила различни програми и билатерални договори за поддршка на миграцијата и мигрантите. Договорите со земјите домаќини значително ги зголемиле можностите за успешна емиграција (Dahinden 2010: 55). Сепак, меѓу емигрантите исто така имало и етнички Македонци, но тие ја напуштале државата поретко и тие, откако ќе заминеле, никогаш не се враќале дома. Тие не развиле врска со нивната татковина (Bielenin-Lenczowska 2014). Во меѓувреме, за време на кратките престои во татковината Албанците ги исполнувале своите семејни обврски, почнувале бизниси и граделе куќи. Многумина од нив се враќале со одредени вештини и со капитал стекнат во странство.

Додека Албанците се бореле со секојдневниот живот и со миграцијата за време на режимот на Тито, етничките Македонци ја воделе државата. Македонците ги окупирале највисоките позиции во јавните институции и граделе куќи во централниот дел на градот. Во тоа време бил изграден најбогатиот дел на Тетово – Ајдучко маало (каде што живееле државните функционери). Кога етничките Македонци се селеле во градовите и се вклучувале во процесот на модернизација на државата, Албанците пак биле заобиколени.

> *...Македонците биле вклучени во масовната внатрешна миграција во сопствената држава од руралните во урбаните места, и тоа е таканаречената миграција село–град. Од 1950-тите години етничките Албанци ретко ги напуштале своите села, бидејќи нивните големи домаќинства не можеле да опстанат само со една работничка плата. Наместо тоа, тие имале потреба од заеднички фарми и од земјоделскиот труд од неколку членови на домаќинството (Dimova 2007: 5).*

Не биле само градските елити составени од Македонци, туку Македонците исто така ја сочинувале и работничката класа. Тие, а многу помалку Албанците, работеле во Тетово и околината во индустриските капацитети како Тетекс, Медицинска Пластика и Југохром. По распадот на Југославија, во раните 1990-ти години колабира тешката индустрија. Тоа, од една страна, беше последица на граѓанските војни во некои поранешни држави на Југославија и, од друга страна, на економската трансформација во неолиберална економија. Во Тетово некои фабрики како Тетекс биле приватизирани, но повеќето биле затворени. Македонците ги загубиле работните места и останале невработени. Резултатот на тешката трансформација бил во тоа што работничката класа не само што ги загубила работните места туку била и маргинализирана (Erzsebet Szalai 2005). Македонците се соочиле со економски тешкотии. Чувството за економска сигурност што го уживале Македонците во времето на Југославија исчезна. Промените главно се однесувале на Македонците повеќе отколку на Албанците, бидејќи во социјалистичкиот период Македонците биле вра-

ботени во јавниот сектор (Lubaś 2011: 34), додека Албанците биле вклучени во независни форми на државни активности.

Од почетокот на 1990-тите години сè до 2009 година, сите граѓани на Република Македонија имале ограничен пристап до странскиот пазар на труд во однос на достапноста на странскиот пазар на труд и визите. Веќе не било можно вработување на работници од поранешна Југославија. Промената во миграциската политика на земјите од ЕУ што се однесувала на граѓани што не припаѓаат на ЕУ, од вработување врз основа на националноста кон вработување врз основа на професионални вештини, ја опструирала емиграцијата на македонските граѓани. Многу држави почнале да издаваат работни дозволи не на одредени нации, туку на посебни професионални групи[10]. Етничноста и националноста веќе не играле голема улога (Dahinden 2005: 194; види исто Joppke 2007).

Во секој случај, Албанците биле поуспешни во емиграцијата отколку Македонците благодарение на општествениот капитал во странство (Dimova 2007: 11). Албанците изградиле цврста солидарност во рамките на земјите домаќини. Жанин Дахинден (Janine Dahinden), следејќи ги идеите на Вебер (Weber 1995) и Викер (Wicker 1997), ова го дефинира како „вид на солидарност што се базира на мобилизација на колективните репрезентации и на процесот на создавање на ’групите ние‘ и според тоа е резултат на општествено вклучување или исклучување“ (2005: 198). Ова ја зајакнува и поддржува миграцијата преку намалување на трошоците и ризиците. Албанските емигранти можеле да си го најдат патот кон земјите домаќини дури по промената на миграциските политики во европските земји. Од средината на 1990-тите години многу Албанци решиле да се вратат. Главните причини биле семејните врски, стравот од културна асимилација во земјите домаќини, како и новите можности во независна Македонија. Повеќето од моите партнери во истражувањето одлучиле да се вратат пред да тргнат нивните деца во средно училиште. Тие биле исплашени дека продолжениот престој во земјите домаќини ќе ги спречи да се вратат назад со своите деца. Своите заштеди ги инвестирале во недвижен имот и во претприемаштво. Некои од нив станале многу успешни бизнисмени. Нивната главна предност пред локалните претприемачи била во транснационалните контакти, капиталот и вештините што со себе ги донеле од странство. Добар пример може да биде оној со најуспешните претприемачи во Тетово: 46-годишен маж, кој 7 години работел на живинарска фарма во Германија. Во соработка со својот шеф од Германија, тој инвестирал во иста таква компанија на периферијата на Тетово. Тој потенцира дека неговото емиграциско искуство и германскиот капитал се главните фактори што придонеле за успехот на неговиот бизнис. Моментално вработува 600 луѓе, главно Албанци. Треба да се спомене дека денеска многу албански домаќинства во Тетово се поддржувани од најблиските членови на семејството што живеат во странство. Тие го поддржуваат образованието, позајмуваат пари за започнување мали бизниси.

Додека од почетокот на 1990-тите години бевме сведоци на значителното осиромашување на македонската заедница во Тетово, Албанците стануваа сè побогати и ја сочинуваа новата средна класа. По деиндустријализацијата, услужни-

[10] Некои Македонци, со цел да добијат влез на европскиот пазар на труд, ги бараа своите бугарски корени и аплицираа за бугарско државјанство, што беше искористено во полза на бугарските аспирации кон македонскиот идентитет и територија (види кај Neofotistos 2009).

от сектор растеше главно благодарение на приватните претпријатија во сопственост на Албанците.

## Гетоизација

Етничката гетоизација во Тетово секако беше интензивирана поради војната што придонесе за промената на етничкиот состав на мешаните населби и, во одредена точка, на целиот град. По конфликтот во 2001 година порасна чувството на опасност кај Македонците. Тоа директно беше поврзано со личните искуства со војната. Една 22-годишна жена вели:

> *– За време на конфликтот многу семејства одлучија да избегаат во Скопје. Само неколкумина мажи останаа во градот да ги чуваат домовите. Јас и моето семејство останавме во Тетово бидејќи немавме роднини во главниот град. Се сеќавам дека косовската ослободителна армија поминуваше низ мојата населба. Албанските војници одеа од куќа на куќа и покрај убедувањето на албанското население дека никој тука не се крие и дека тие нема што да прават овде. Се качија на мојот кат. Немаше никој друг освен мене и моето семејство. Ги кршеа вратите и влегуваа во секој стан. Кога дојде нашиот стан на ред, тие го прескокнаа. Оттогаш јас се плашам од нив. Албанците ништо не ми направиле. За време на војната албанските соседи нè заштитуваа. Мојата најдобра пријателка е Албанка, но ова не го менува фактот дека јас се плашам од нив како група.*

Во нејзините зборови се гледа амбивалентноста карактеристична за ставот на многу Македонци и Албанци. Често тие истакнуваат дека во своите групи на пријатели имаат претставници и на двете етнички заедници, и тие се дружат меѓу себе. Но додека зборувавме за група Албанци, Македонците изразуваа аверзија кон нив. Тие се навраќаа на чувствата на страв од времето на војната.

Тој страв беше причината за Македонците да избегаат од градот. Кога заврши конфликтот, некои од нив одлучиле да останат во Скопје. Некои се вратиле, но на крајот ги продале своите станови и куќи лоцирани во соседствата каде што доминираат Албанците и се преселиле во друг дел од градот.

По 2001 година многу Македонци си заминале така што градот ја променил својата општествена и етничка структура. Тие се селеле во социјалистички станбени блокови што најчесто биле во многу лоша состојба. Концентрирани се во делови од градот, како на пример во блокот 70, што претставува енклава опкружена со албански соседства, или пак околу патот на излезот од градот кон Скопје. Нивните места отскокнуваат од новоизградените албански згради што се видливи во секој дел од градот. Треба да се напомене дека е тешко јасно да се одредат моноетнички делови во Тетово бидејќи Албанците се раширени низ целиот град. Сепак има одредени делови во градот каде што доминираат Албанците; левата страна на мостот или просторот околу улицата Иво Рибар Лола. Концентрацијата на Македонците во еден дел од градот или во еден станбен блок, од една страна, го зголемува чувството на сигурност кај македонските семејства, но, од друга страна, тоа води кон гетоизација на македонското малцинство во Тетово. Македонците многу ретко одат во

албанските населби бидејќи се плашат и не купуваат во албански продавници. Албанците не се грижат многу околу тоа во чија сопственост се продавниците. Тие се движат слободно низ градот.

Многу тетовци што живееле зад мостот – делот од градот што се смета за албански – се преселиле поблиску до центарот на градот каде што преовладуваат социјалистичките станбени блокови. Сепак тоа не значи дека центарот на градот има македонски карактер. Всушност, спротивното е точно во овој случај. Во 1990-тите години главната улица, булеварот Маршал Тито, била полна со македонски кафеани, ресторани и продавници. Култните македонски барови беа заменети со албански; на пример, ресторанот Македонска куќа се промени во ресторан Тирана. Тоа не вклучуваше само промена на имињата туку и промена на целиот ентериер.

Приказната со ски-центарот на 10 километри од Тетово е многу интересна и поучна. Попова Шапка до неодамна беше најдобриот зимски центар во овој дел од Европа. Како резултат на војната беа уништени колибите, ресторанite, хотелите и жичарницата од Тетово до Попова Шапка. Македонците од страв од други конфликти ги ограничиле посетите во зимскиот центар и ги продале своите имоти. Масовно продаваните колиби биле привлечни главно за албанските купувачи. Денеска центарот е најмногу посетен од Албанци од Македонија и од Косово.

Преземањето на клубовите, ресторанite и другите јавни места од страна на претставници на една етничка група, во однос на етничноста е еднакво со раселувањето на другата етничка заедница од јавните простори и места. Јавниот живот во Тетово, како и во други делови на Македонија, отсекогаш бил поделен (Lubaś 2011: 77). Очигледно постоеле јасно дефинирани социјални и просторни граници помеѓу етничките групи. За време на социјализмот јавните места биле или македонски или албански. Македонците се среќавале во централниот дел на градот. Првично тоа бил стариот дел на градот (Стара чаршија) над главниот плоштад, а потоа се спуштил кон главниот плоштад и улицата Маршал Тито. Денеска, во независна Македонија, поделбата продолжува. Пред конфликтот во 2001 година модерно место за излегување бил просторот меѓу улиците Маршал Тито и Јане Сандански. Албанците, без оглед каде се наоѓало нивното место за среќавање, ретко можеле да се видат во центарот. Патријархалната организација на албанските семејства подразбира дека жената ќе седи дома, а мажите ќе седат во кафеаните во стариот турски дел по должина на горниот дел на реката. По конфликтот, зголемениот број на албански студенти на новиот локален универзитет ги направил видливи нив на главната улица на градот – Илирија. Скапи, луксузни барови со гласна албанска современа музика наеднаш изникнале како печурки насекаде низ градот. Албанските жени почнале да се појавуваат во јавните простори на градот[11]. Тие добиле образование (што било многу ретко достапно во времето на Југославија), имале работа, а во последните години дури често може да се видат во кафеаните. Македонците ги преместиле своите места за среќавање на улицата Борис Кидрич (паралелна со улицата Илирија), скриена во бедниот дел на градот.

[11] Променета на однесувањето на жените во јавниот простор на Тетово подразбира подлабоко истражување. Не успеав да истражувам на таа тема. Мојот пол претставуваше пречка во изнаоѓањето млади Албанки како партнерки во истражувањето.

## „Студентификација“

Додека расте економскиот статус на албанската заедница, нивното присуство во урбаниот простор исто така се зголемува. Бохдан Јаловјецки и Марек С. Шчепањски (Bohdan Jałowiecki, Marek S. Szczepański) забележуваат дека главната причина за просторната мобилност на побогатите општествени класи е потребата од подобри образовни установи (2010: 252). Откако се отворија новите универзитети, јужниот дел од градот значително се прошири. Бројот на универзитетските студенти во Тетово изнесува околу 20 000, додека вкупниот број на жители на Тетово, како што е споменато погоре, изнесува 52 915 (податоци од 2002 година). Студентите се од Тетово, од Скопје, но и од другите делови на поранешна Југославија. Студентите очигледно претставуваат значителна група во градот. Најбројната група на студенти претставуваат децата на албанските емигранти во Западна Европа. Овие родители или други членови на семејството финансираат станарина или купуваат станови и плаќаат школарина. Ова придонесува за значителен пораст на сопственоста на недвижнини кај Албанците во Тетово. Исто така придонесува за голема побарувачка во секторот за домување и ја зголемува сумата за станарина во градот. Порастот на студентската популација подразбира инвестирање и предизвикува бум во градежниот сектор. Неколку станбени блокови беа изградени по улицата Илинденска. Тие се изнајмувани главно од студентите. Повеќегенерациските албански куќи делумно се адаптирани или реновирани за да ги задоволат потребите на студентите што ги изнајмуваат. Се појавуваат барови, кафеани и сервисна инфраструктура потребна за животниот стил на студентите. Дарен П. Смит (Darren P. Smith) вели дека оваа општествена, економска и физичка трансформација на градот ги претставува симптомите на *студентификација*.

> *На концептуално ниво процесите на студентификација подразбираат урбани промени што се поврзани со рекомодификацијата на „едно семејство“ или препакувањето на постојните приватни куќи за изнајмување од страна на ситните институционални актери (на пример сопствениците на имотот, инвеститорите итн.) за да создадат и понудат куќи со повеќе намени (houses in multiple occupation – HMO) за студентите (HMO – легислатива за планирање на домување, град и држава) (2005: 74).*

Овој процес е сличен на гентрификацијата или пак може да биде дел од неа, иако може да добие различни форми во различни контексти (види Van Weesep 1994). Сепак постои и една друга димензија кон отворањето на два универзитети во Тетово. Тие станаа дел од неправедната дистрибуција на знаењето и на долги патеки предизвикуваат нееднаков пристап до пазарот на трудот. Приватниот Универзитет на Југоисточна Европа (SEEU) нуди студиски програми во шест оддели на три различни јазици: албански, македонски и англиски. Сепак, школарината е многу висока за Македонците и се движи од 1000 до 2000 евра. Просечната месечна плата осцилира меѓу 90 евра (за нискоквалификувана работна сила) и 350 евра (за вработен во невладина организација). Луѓето што работат во Тетово не можат да си дозволат да платат за образованието на своите деца. Покрај финансиските бариери, присутна е и јазичната бариера. Универзитетот во Тетово има многу пониска школарина

од онаа на Универзитетот на Југоисточна Европа, која изнесува 100 евра по семестар, но освен македонска филологија, овој универзитет не нуди друга диплома на македонски јазик. Според законите во Република Македонија, Државниот универзитет во Тетово треба да понуди настава и на албански и на македонски. Очигледно е дека Македонците имаат ограничен пристап до високото образование во оваа институција. Многу млади луѓе патуваат до Универзитетот во Скопје. Но не може секој да си го дозволи ниту тоа бидејќи подразбира дополнителни трошоци за живот, изнајмнување стан во Скопје. Еден предавач на Универзитетот во Тетово вели:

*– Ако сакаат Македонците да стекнат високо образование, можат да одат во Скопје.*

## Заклучок

Иако многу научници со резерва пристапуваат кон прашањето на проширување на дефинициите што се добро етаблирани, јас сметам дека е потребно да се провери нивната употреба во различни општествени и политички контексти. Етничката гентрификација не се однесува само на привилегираните групи што преземаат делови од мултиетничките градови. Таа е ефект на зголеменото значење што се придава на етничноста и гетоизацијата на осиромашените етнички групи во градовите на поранешна Југославија.

Тетово отсекогаш било населено од различни социокултурни групи. Тие живееле во различни делови на градот и уживале автономија. Откако Тито го поддржал признавањето на македонската националност и ја создал Република Македонија, станува погодена етничката рамнотежа. Македонците претставувале привилегирана група во новата држава. Тие мигрирале од селата во градот, ги окупирале највисоките места во институциите и го реизградиле градот според новата југословенска доктрина – братство и единство. Распадот на Југославија придонесе за опаѓање на животниот стандард, но исто така Македонците останале без гарантот на нивната нација. Политиката на Тито поставила привремена рамнотежа меѓу моќните спротивставени сили и создала илузорно единство. Тој ја потиснал религијата – во отоманскиот период таа била детерминанта за идентитет кај многу групи – и ја заменил со деструктивните сили на национализмот (Brown 2003: 25). Навидум стабилните етнички односи во Југославија регулирани од југословенската политика прераснаа во сурови етнички конфликти во 1990-тите години чија цел беше создавањето на моноетнички држави. Како што пишува Флоријан Бибер (Florian Bieber), тие беа ефектот не само на националниот светоглед на интелектуалните и политичките елити туку исто така на стравот од другите или на стравот да се биде малцинство (2004: 11).

Откако почна поларизацијата по етничка линија во македонската политика и општество, етничноста почна да игра голема улога во урбаната политика. Градовите станаа места за преговарање околу моќта на различни етнички групи. Случајот со Тетово ни покажува дека градот е преземен, од една страна, преку бришење на обележјата на гентрифицираната етничка група, а од друга страна, преку промената на етничката рамнотежа и структурата на градскиот имот. Побогатите етнички групи го купуваат имотот во најпрестижниот дел од градот. Маргинализацијата на

осиромашената етничка група во мултиетничкиот град доведува до гетоизација во капитализираните делови од градот. Уште повеќе расте чувството на несигурност кога малцинството се повлекло од територијата на којашто живее истата нација. Конечно, порастот и радикалната експанзија на градот околу универзитетскиот кампус и делумно приватизираното образование ја реконфигурираат урбаната структура и доведуваат до општествена нееднаквост.

## Користена литература:


Azaryahu M. 1996. The power of commemorative street names, Environment and planning, во: *Society and Space*, 14, 311–330.

Barth F. 1969. Introduction. во: Barth, Frederic *Ethnic Groups and Boundaries: The Social Organization of Cultural Difference.* London: Allen and Unwin.

Bielenin-Lenczowska K. 2014. *From pechalbari to iselenici – migration history of Macedonians*, Association of European Migration Institutions, достапно на: http://aemi.eu/wp-content/uploads/2014/02/macedonian-history-of-migration-1.pdf (последен пат посетено на 18. 8. 2014).

Bieber F. 2004. *Institutionalizing Ethnicity in the Western Balkans.* Managing Change in Deeply Divided Societies, ECMI Working Paper No. 19.

Bourdieu P. 1991. *Language and Symbolic Power*, Harvard University Press.

Brown K. 2003. *The Past in Question. Modern Macedonia and the Uncertainties of Nation*, New Jersey, Princeton University Press.

Danforth M. L. 1995. *The Macedonian conflict. Ethnic nationalism in a transnational world*, New Jersey Princeton University Press.

Dahinden J. 2010. The dynamics of migrants' transnational formations: between mobility and locality, во: Bauböck, Rainer und Thomas Faist (ур.), *Transnationalism and Diaspora. Concept, Theories and Method*s. Amsterdam: Amsterdam University Press, 51–72.

Dahinden J. 2005. Contesting transnationalism? Lessons from the study of Albanian migration networks from former Yugoslavia, во: *Global Networks* 5: 2, 191–208.

Dimova R. 2007. *From Past Necessity to Contemporary Friction: migration, class and ethnicity in Macedonia*, MPI Working Paper No. 94.

Dutton, P. 2005. Outside the metropole: gentrification in provincial cities or provincial gentrification*?, во*: R. Atkinson *and* G. Bridge *(ур.), Gentrification in a Global Context,* London: Routledge, 209–224

Eberhardt P. 2005. *Przemiany demograficzno-etniczne na obszarze Jugosławii w XX wieku*, Lublin.

Felczak W., Wasilewski T. 1985. *Historia Jugosławii,* Wrocław, Warszawa, Kraków, Gdańsk, Łódź, Zakład Narodowy im. Ossolińskich.

Geber N. 1997. The muslim population in FYROM (Macedonia): Public perception, во: Pulton H. and Taji-Karouki S. (ур.), *Muslim Identity and the Balkan State*, London: Hurst & Company, 103–115.

Glass R. 1964. Introduction: aspects of change, во: *London: Aspects of Change,* Center for Urban Studies, London: MacKibbon and Kee, xiii–xlii.

Hiebert D., Schuurman N., Smith H. 2007. *Multiculturalism "on the ground": The Social Geography of Immigrant and Visible Minority Populations in Montreal, Toronto, and Vancouver*, Working Paper Series, No. 07.

Jałowiecki B., Szczepański M. 2010. *Miasto i przestrzeń w perspektywie socjologicznej*, Wydawnictwo Scholar, Warszawa.

Joppke C. 2007. Beyond National Models: Civic Integration Policies for Immigrants in Western Europe, *West European Politics*, Vol. 30:1, 1–22.

Koppa M. E. 2001. Ethnic Albanians in the former Yugoslav Republic of Macedonia: Between nationality and citizenship, во: *Nationalism and Ethnic Politics* 7:4, 37–65.

Lubaś M. 2011. *Różnowiercy. Współistnienie międzyreligijne w zachodniomacedońskiej wsi,* Nomos, Kraków.

Mijalkovic M., Urbanek K. 2011. *Skopje. The world's basterd. Architecture of the divided city*, Wieser.

Neofotistos V. 2009. Bulgarian passports, Macedonian Identity, The Invention of EU Citizenship in the Republic of Macedonia, во: *Anthropology Today*, vol. 25, N4, 19–22.

Poulton H. 2000. The muslim experience in the balkan state 1919 – 1991, *Nationalitties papers*, 28: 1, 45–66.

Risteski Lj., Kodra Hysa A. 2014. Strategies for Creating the Macedonian State and Nation and Rival Projects Between 1991 and 2012, во: Kolstø P. (ур.), *Strategies of Symbolic Nation-building in South Eastern Europe*, Ashgate Pub Co, 165–201.

Risteski, Lj. 2012. *Monuments and urban natinalism, The Skopje 2014 project*. The paper presented on ASN convention in University of Columbia 21 April 2012.

Smith D. P. 2005. ,Studentification': the gentrification factory? во: Atkinson, R. and Bridge, G. (ур.), *Gentrification in a global context: the new urban colonialism,* Housing and Society Series. Routledge, UK, 72–89.

Smith N. 2010. The Revolutionary Imperative, *Antipode* 41, 50–65.

Smith N. 1996. *The New Urban Frontier: Gentrification and the Revanchist City*, New York: Routledge.

Szalai E. 2005. *An Analysis of Its Past and Future*, Central European University Press.

Weber M. 1995. Wirtschaft und Gesellschaft, во: Sukale M. (ур.), *Schriften zur Soziologie*, Stuttgart: Reclam, first published 1914, 79–311.

Wicker H.-R. 1997. Introduction: Theorizing ethnicity and nationalism, во: Wicker, H.-R. (ур.) *Rethinking nationalism and ethnicity: the struggle for meaning and order in Europe*, Oxford: Berg, 1–42.

Van Weesep J. 1994. Gentrification as a research frontier, *Progress in Human Geography* 18, 74–83.